// СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КУМАНОВО

| „Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ | Година LXV Број 9 Куманово 26 јуни 2020 г. | Претплата за 2020 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939 |
|---|---|---|


**231.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за начин на користење на тениски терен „23ти Октомври“ Куманово и утврдување на цена на влезници за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за дополнување на Одлуката за начин на користење на тениски терен „23ти Октомври“ Куманово и утврдување на цена на влезници за 2020 година, Бр. 09 - 3933/4, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 24 јуни 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4114/1
25 јуни 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**232.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седница одржана на 24 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за начин на користење на тениски терен „23- ти Октомври“ Куманово и утврдување на цена на влезници за 2020 година**

Член 1

Во Одлуката за начин на користење на тениски терен „23- ти Октомври“ Куманово и утврдување на цена на влезници за 2020 година, бр. 09 – 3358/27 од 27 мај 2020 година („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 8/20), по членот 3 се додава нов член 3-а кој гласи:

„Член 3-а

Тениските спортски клубови основани на територија на Општина Куманово заради развој и усовршување на тенискиот спорт (во детска и младинска категорија) и кои се членки на Општинскиот сојуз на спортови - Куманово имаат право и можат да ги

закупат терените 1 и 2 од 4 (четирите) тениски терени, по цена во висина од 50% од утврдената цена во член 3 од Одлуката.

Начинот, условите и плаќањето на закупнината за користење на терените од страна на тениските спортски клубови попрецизно ќе бидат уредени со посебен договор склучен помеѓу Општина Куманово и спортските клубови, а врз основа на оваа Одлука.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр 09 – 3933/4
24 јуни 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**233.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Одлука за начин на користење на „Градски стадион“ Куманово**

1. Се објавува Одлуката за начин на користење на „Градски стадион“ Куманово, Бр. 09 - 3933/5, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 24 јуни 2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4115/1
25 јуни 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**234.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 24 јуни 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за начин на користење на „Градски стадион“ Куманово**

Член 1

Со оваа Одлука се регулира начинот на користење на објектите на „Градски стадион“ Куманово кои се наоѓаат на к.п. 14357 заведени во Имотен лист бр. 506 за КО Куманово кои со Одлука за давање на користење на недвижна ствар на Влада на РМ бр. 19-340/1 од 25.07.2006 година („Службен весник на РМ“ бр. 87/2006 од 01.08.2006 година) се дадени на користење на Општина Куманово, а исто така и со Договор за трајно отстапување на корисничко право бр. 03-7438/1 од 24.10.2019 година склучен помеѓу Општина Куманово и Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија е трајно отстапено корисничкото право на Општина Куманово.

Член 2

Фудбалските спортски клубови основани на територија на Општина Куманово кои се членки на Општинскиот сојуз на спортови - Куманово заради развој и усовршување на фудбалот имаат право на користење на најмногу 70 (седумдесет) бесплатни часови неделно на терените на „Градски Стадион" Куманово и тоа објект 2, намена терен, со отворена површина 6716 $м^2$ и објект 4, намена терен, со отворена површина 1818 $м^2$ заведени во Имотен лист бр. 506 за КО Куманово.

Начинот и условите за користење на овие бесплатни термини од страна на фудбалските спортски клубови попрецизно ќе бидат уредени со посебен договор, склучен помеѓу Општина Куманово и спортските клубови, а врз основа на оваа Одлука.

Предмет на користење од страна на фудбалските спортски клубови нема да бидат објект 1, со внатрешна површина од 291$м^2$ (соблекувална) и објект 3, намена трибина, со отворена површина од 1483 $м^2$ заведени во Имотен лист бр.506 за КО Куманово.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 3933/5
24 јуни 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

**235.**

Врз основа на член 50, став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02"), член 62, став 6 и член 67, став 2 од Законот за ученички стандард (,,Службен весник на РМ, Бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19), Градоначалникот на Општина Куманово донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за констатирање престанок на мандат на вршител на должност - директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово

1.Мандатот на вршител на должност-директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ"-Куманово, **Љубица Павловски,** престанува поради истекот на периодот на мандатот за кој е избран;
2.Со донесување на ова Решение, престанува да важи Решението на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-4841 од 20.12.2019 година;
3.Решението стапува во сила со 21.06.2020 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово Бр.08-УП1-4841 од 20.12.2019 година, Љубица Павловски беше избрана за вршител на должност – Директор на Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ" – Куманово, со мандат до 6 месеци. Согласно одредбите од Законот за ученички стандард за периодот на траењето на мандатот на вршител на должност – директор на општински ученички дом и за надлежностите на Градоначалник на Општина, Градоначалникот на Општина Куманово одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08 УП1- 4841/2019
19 јуни 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**236.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 и член 63 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Р.М. бр.05/02“),член 62, став 6 и член 67, став 1 и 2 од Законот за ученички стандард (,,Службен весник на РМ, Бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15, 30/16, 64/18 и 20/19) и член 1, став 1 од Уредба со законска сила за примена на Законот за ученичкиот стандард за време на вонредна состојба бр.44-2631/1 од 30 март 2020 година, Градоначалникот на Општина Куманово донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на вршител на должност - директор на**
**Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово**

1. За вршител на должност - директор на Јавна установа – Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово, **СЕ ИМЕНУВА Љубица Павловски,** ВСС, воспитувач во именуваната јавна установа.
2. Мандатот на вршител на должност -директор на јавна установа од точка 1, трае до изборот на нов директор, но не подолго од шест месеци од денот на неговото именување;
3. Решението влегува во сила со 21.06.2020 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово“.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Со Решение на Градоначалникот на Општина Куманово беше констатиран престанок на мандатот на вршител на должност – Директор на ЈУ-ОУД „Професор Мијалковиќ“ – Куманово, поради истек на периодот на мандатот. Согласно член 67, став 1 и 2 од Законот за ученички стандард, Градоначалникот во рок од три дена од разрешувањето на директорот, именува вршител на должност – Директор, од редот на вработените во ученичкиот дом. Поради незавршената постапка за избор на директор на ученичкиот дом, а постапувајќи согласно наведениот закон, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука**: На ова Решение е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на добивањето до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.08 УП1- 1956
19 јуни 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово
**Максим Димитриевски, с.р.**

**237.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

**Заклучок**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Тримесечниот извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово од 01.01.2020 – 31.03.2020 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Тримесечниот извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово од 01.01.2020 – 31.03.2020 година, Бр. 09 - 3933/3, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 24 јуни 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-4113/1
25 јуни 2020 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
**Максим Димитриевски, с.р.**

**238.**

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19) и член 69 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 и 11/19), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 24 јуни 2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово од 01.01.2020 – 31.03.2020 година**

1. Се усвојува Тримесечниот извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово од 01.01.2020 – 31.03.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 3933/3
24 јуни 2020 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
**Атина Мургашанска, с.р.**

# СОДРЖИНА

**231.** Заклучок за објавување на Одлука за дополнување на Одлуката за начин на користење на тениски терен „23ти Октомври“ Куманово и утврдување на цена на влезници за 2020 година.......................………........ 213

**232.** Одлука за дополнување на Одлуката за начин на користење на тениски терен „23- ти Октомври“ Куманово и утврдување на цена на влезници за 2020 година.................... 213

**233.** Заклучок за објавување на Одлука за начин на користење на „Градски стадион“ Куманово.............. 214

**234.** Одлука за начин на користење на „Градски стадион“ Куманово.......... 214

**235.** Решение за констатирање престанок на мандат на вршител на должност - директор на Јавна установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“–Куманово.... 215

**236.** Решение за именување на вршител на должност - директор на Јавна Установа-Општински Ученички Дом „Професор Мијалковиќ“ – Куманово............................................. 216

**237.** Заклучок за објавување на Заклучокот за усвојување на Тримесечниот извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово од 01.01.2020 – 31.03.2020 година........... 217

**238.** Заклучок за усвојување на Тримесечен извештај за финансиско работење на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово од 01.01.2020 – 31.03.2020 година.................................................. 217